Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**мај 2024 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е** ..... **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ..... **3**

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5

Број на извршени градежни работи по видови објекти ..... 6

Инфлација ..... 7

Берзански цени ..... 9

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ..... **10**

Извоз ..... 11

Увоз ..... 12

Салдо на трговска размена ..... 13

Валутна структура ..... 14

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ..... **14**

Буџетски приходи според економската класификација ..... 14

Буџетски расходи според економската класификација ..... 15

Расходи по буџетски корисници ..... 16

Буџетско салдо ..... 18

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ..... **18**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 18

Плати ..... 19

Пензии ..... 20

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ..... **20**

Примарни пари ..... 21

Кредити на банките ..... 22

Каматни стапки на депозитни банки ..... 22

Пазар на капитал ..... 23

Девизни резерви ..... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## мај 2024 година

- Во мај 2024 година, индустриското производство забележа пад од 13,2% во споредба со истиот месец претходната година;
- Инфлацијата во мај 2024 година изнесува 4,5% на годишно ниво и бележи забрзување на растот, при што овој месец таа произлегува главно од базичната компонента. На месечно ниво инфлацијата бележи раст од 0,9%;
- Во периодот јануари - мај 2024 година, извозот забележа пад од 8,8%, а увозот раст од 1,0%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 34,1%, споредено со истиот период од 2023 година;
- Во мај 2024 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваат 122.035 милиони денари, односно 13,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,4% во однос на мај 2023 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во мај 2024 година изнесуваат 142.580 милиони денари, односно 15,5% од БДП, што е за 14,5% повеќе во однос на мај претходната година;
- Во мај 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 6,8% во спореба со мај 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 8,2%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во мај 2024 година, индустриското производство забележа пад од 13,2% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во сите сектори: Рударство и вадење камен за 17,1%, Преработувачка индустрија за 10,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 18,4%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во мај 2024 година бележат 4 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 6% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, во мај 2024 година е забележан пад во сите гранки: производство на машини и уреди за 23,8% со придонес од -1,5 п.п., производство на електрична опрема за 5,8% со придонес од -0,3 п.п., производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 10,9% со придонес од -1,4 п.п. и производство на метали за 15,9%, со придонес од -0,7 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, во мај 2024 година се забележува пад на производството во сите гранки: производство на текстил за 15,2% и придонес од -0,7 п.п., производство на пијалаци за 11,5% и придонес од -0,4 п.п., прехранбена индустрија за 5,4% и придонес од -0,6 п.п., производство на тутунски производи за 45,9% и придонес од –0,6 п.п., производство на облека за 31,7% и придонес од -2,0 п.п., производство на кожа за 31,1% и придонес од -0,2 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 25,7% и придонес од -0,2 п.п..

Намалувањето на индустриското производство според намената на произведените единици во мај 2024 година е резултат на намаленото производство во сите групи: Енергија (пад од 22,2%, придонес од -2,9 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 4,2%, придонес од -1,3 п.п.), Капитални производи (пад од 11,7%, придонес од -2,7 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 9,5%, придонес од -0,3 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 17,4%, придонес од -5,3 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари - мај 2024 година индустријата забележа пад од 4,9%, што се должи на намаленото производство во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,1% (придонес од -0,5 п.п.), Преработувачка индустрија за 1,8% (придонес од -1,4 п.п.) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 26,7% (придонес од -3,2 п.п.).







Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - мај 2024 година е регистриран единствено во групата Капитални производи (4,5%), додека пад се бележи во гранките: Енергија (за 25,7%), Интермедијарни производи освен енергија (за 1,0%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 3,9%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 7,7%).

## Број на работници во индустријата

Во мај 2024 година, бројот на работници во индустријата е зголемен за 1,5% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 4,1%, Преработувачка индустрија за 1,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,6%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: поправка и инсталирање на машини и опрема за 52,6%, производство на машини и уреди, не споменати на друго место за 27,0% и производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 17,9%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во мај 2024 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници се забележува во групите: Енергија за 4,0%, Капитални производи за 17,1% и Трајни производи за широка потрошувачка за 14,6%.

Кумулативните податоци покажуваат дека во периодот јануари – мај 2024 година, бројот на работници во индустријата бележи раст од 1,8%, што се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,3%, Преработувачка индустрија за 1,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,7%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - мај 2024 година е зголемен во секторите: Енергија за 4,3%, Капитални производи за 16,8% и Трајни производи за широка потрошувачка за 9,5%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во мај 2024 година издадени се вкупно 260 одобренија за градење, што претставува значителен пад од 18,0% во однос на истиот месец од 2023 година. Тоа се должи на годишниот пад на издадени одобренија за градење за објекти од високоградба за 2,9% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 51,2%), додека кај објектите за реконструкција се забележува зголемување за 19,7%. Споредено со април 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 1,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во мај 2024 година таа е повисока за 10,5% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи раст од 2,9%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 133 (или 51,1%) се наменети за објекти од високоградба, 54 (или 20,8%) за објекти од нискоградба и 73 (или 28,1%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 260 издадени одобренија за градење, на 141 објект (или 54,2%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 119 објекти (или 45,8%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во мај 2024 година предвидена е изградба на 424 станови со вкупна корисна површина од 36.052м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 40,3% на месечно ниво, а за 37,2% на годишно ниво.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(мај 2024)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.7: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*






Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Во април 2024 година, извршени се градежни работи во вкупна вредност од 2.347 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 39,8%, при што кај високоградбата се забележува раст од 34,8%, кај нискоградбата раст од 36,9%, додека кај специјализираните градежни работи раст од 158,0%. Споредено со март 2024 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи пад од 10,9%, и тоа кај нискоградбата пак за 30,7%, но раст кај високоградбата за 31,3%, и кај специјализираните градежни работи за 70,8%. Кумулативно, во периодот јануари – април 2024 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 9.071 милион денари, што е за 5,6% повеќе во споредба со истиот месец минатата година.

**Графикон 1.8:** Извршени градежни работи (милиони денари)




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите четири месеци од годината се извршени градежни работи во вредност од 5.980 милиони денари, односно 27,0% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се намали за 23,6% и изнесува 2.760 милиони денари. Кај специјализирани градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 330 милиони денари, односно за 24,1% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - април 2024 година се зголеми за 11,2%, при раст кај нискоградбата (33,9%) и кај специјализираните градежни работи (30,7%), додека кај високоградбата е забележан пад (19,7%).

## Промет во секторот трговија

Во мај 2024 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 2,5%, по растот од 19,6 % во април годинава. Вредноста на прометот во мај 2024 година изнесува 65.099 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - мај 2024 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 319.385 милиони денари, што е за 4,2% повеќе во однос на истиот месец минатата година.

**Графикон 1.9:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




Кумулативно, во периодот јануари - мај 2024 година, позитивен раст на прометот е забележан во сите сектори: трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 173.610 милиони денари, односно за 6,1% повеќе во однос на истиот месец претходната година, трговија со моторни возила и поправки 20.021 милион денари, односно за 3,8%

повеќе во однос на истиот период од минатата година и трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 125.754 милиони денари или за 1,7% повеќе во споредба со иститот месец минатата година.

На реална основа, во мај 2024 година трговијата на мало бележи годишен раст од 1,0 %, додека анализирано по групи и класи, зголемување се забележува во групите трговија на мало со автомобилски горива за 3,7% и трговија на мало со непрехранбени продукти за 1,1%, додека намалување се забележува само во групата трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 0,3%.

Во мај 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (54,95%), потоа Трговија на мало (39,5%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (5,55%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во мај 2024 година изнесува 4,5% на годишно ниво и е зголемена за 0,5 п.п. во споредба со претходниот месец. Овој месец инфлацијата главно произлегува од базичната компонента, каде што е евидентно зголемувањето на цените во категоријата транспорт.

Во мај, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) забележува забрзување на растот и изнесува 5,5% на годишна основа (4,1% претходниот месец). Овој месец, најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категоријата Ресторани и хотели, како и цените на транспортните услуги.

Графикон 1.10: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци[1] забележаа раст од 3,8%, а во спредба со претходниот месец цените се намалија за 0,9 п.п., при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во мај изнесува 1,5 п.п.. Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа следните поткатегории: овошје (годишен раст од 22%, придонес од 0,5 п.п.), леб и жита (годишен раст од 4,3%, придонес од 0,4 п.п.) и млеко, сирење и јајца (годишен раст од 3,8%, придонес од 0,3 п.п.). Негативен придонес во цените на храната имаа цените на маслото (-0,1 п.п.).

[1] Од март 2024 година престана да важи мерката за намалување на цените на основните прехранбени производи за 10%, кои во малопродажбата се продаваа со ознаката „гарантирана цена“.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во мај 2024 година е забележан во категоријата Транспорт од 10,3% (придонес во растот на вкупната инфлација од 0,8 п.п.). Раст на цените е регистриран и во другите категории, и тоа: Ресторани и хотели од 8,5%, Разновидни стоки и услуги од 5,7%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,6%[2], Рекреација и култура од 5,3%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 4,1%, Здравствена заштита од 4,0%, Облека и обувки од 3,2%, Комуникации од 3,1% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 2,2%. Намалување се забележува единствено во категоријата Образование од 0,5%.



Графикон 1.11: Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*

Во мај, потрошувачките цени се зголемија за 0,9% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,7%). Цените на храната се зголемија за 0,7% и најголем придонес во зголемувањето имаше растот на цените на овошјето и месото.



Графикон 1.12: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан

Во мај 2024 година, цените на мало се зголемија за 5,8% на годишно ниво и во споредба со претходниот месец тие забележуваат забрзување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 1,3%.

Во мај 2024 година, стапката на инфлација во еврозоната се зголеми за 0,2 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 2,6%[3].

ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација за еврозоната во нагорна насока, и тоа за по 0,2 п.п. за 2024 и 2025 година. Согласно проекциите, стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,5%, во 2025 година 2,2% и во 2026 година 1,9%. За 2024 година, поточно во наредните два квартала се очекува стапката на инфлација да се движи околу 2,5% со одредена нестабилност поврзана со базниот ефект на цените на енергијата. Не се очекува драстична промена на инфлацијата во текот на 2024 година и таа ќе остане над историскиот просек што го одразува бавното намалување на цените на услугите.

---

[2] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година.

[3] Податокот е процена на Еуростат

## Берзански цени

Во мај 2024 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 8,9% на месечно ниво и изнесува 82,0 долара за барел. Ова намалување во споредба со претходниот месец се должи на намалувањето на побарувачката. На годишно ниво цената на нафтата е повисока за 8,3%.

Графикон 1.13: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во мај 2024 година, цената на природниот гас регистрира раст од 16,5% на месечно ниво. Зголемувањето се должи на промените во динамиката помеѓу побарувачката и понудата, геополитичките случувања, како и потребата за зголемување на нивото на залихи во Европа. Случувањата на глобалните пазари ја зголемуваат загриженоста на понудата и покрај завршената зимска сезона, што се рефлектира со повисоки цени. Во мај 2024 година, цената на природниот гас се намали за 1,2% на годишно ниво.

Графикон 1.14: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во 2023 година дојде стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и регионалните берзи и трендот на намалување на цената продолжи и во 2024 година. Цената на електричната енергија во мај 2024 година, според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX), изнесува 72,2 евра за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 16,5%, а на годишно ниво намалена за 18,9%.

Во мај 2024 година, цените на основните метали регистрираа зголемување во споредба со претходниот месец. На месечно ниво се зголемија цените на: цинкот за 8,3%, никелот за 7,8%, бакарот за 7,1%, оловото за 4,3%, калајот за 3,8% и алуминиумот за 2,3%.

Графикон 1.15: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

На месечна основа се зголеми и цената на железната руда, и тоа за 5,4%.

Раст на месечно ниво регистрираа и цените на благородните метали. Овој месец златото регистрираше забавен раст од 0,8%, а цените на среброто и платината се зголемија за 6,8% и 7,9%, соодветно.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Во мај, цените на пченката и пченицата се зголемија на месечна основа за 3,2% и 11,1%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 3,5% на месечна основа.

Табела 1.1. Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите пет месеци од 2024 година изнесува 7.892,2 милиона евра и бележи пад од 3,3% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - мај 2024 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е зголемено за 0,4 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 62,4%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите пет месеци од 2024 година изнесува 24,1% и е намалено за 1,3 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите пет месеци од 2024 година, изнесува 3.246,1 милион евра и бележи пад од 8,8% (311,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на извозот останува на исто ниво споредено со истиот период лани.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во мај 2024 година изнесува 603,4 милиони евра и бележи пад од 21,6% (166,5 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 4,6% споредено со мај од 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2024 година извозот бележи пад од 15,3% (109,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен пад од 17,0%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (1,6 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во првите пет месеци од 2024 година е зголемена за 21,2 милиона евра, што претставува раст од 11,1% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на извезената храна е зголемена за 11,8%. Растот на вредноста на извозот на храна е проследен и со зголемување на количината на извозот на храна, што главно се должи на одредено намалување и стабилизирање на цените на храната на меѓународниот пазар. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите пет месеци од 2024 година изнесува 6,5% и е зголемено за 1,2 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

Анализирано според економските групации[4] на земјите, во периодот јануари - мај 2024 година споредено со истиот период од 2023 година, извозот бележи пад во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на

[4] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

независни држави, а раст во следните групации: Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 9,8% на годишно ниво и учествува со 78,8% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија, додека извозот кај земјите од Западен Балкан бележи раст од 6,0% и учествува со 13,2% во вкупниот извоз на нашата земја.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - мај 2024 година изнесува 4.646,0 милиони евра и бележи раст од 1,0% (44,1 милион евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 4,1%.

Вредноста на увозот во мај 2024 година изнесува 889,9 милиони евра, што претставува пад од 9,7% (95,1 милион евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а увезените количини стоки се намалени за 17,4% споредено со мај 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2024 година увозот бележи пад од 12,6% (128,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 6,7%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (6,0 п.п.) врз увозот овој месец.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот на храна во првите пет месеци од 2024 година е зголемена за 53,0 милиони евра, што претставува раст од 13,6% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 16,8%. Растот на вредноста на увозот на храна е проследен и со зголемување на количината на увозот на храна, што главно се должи на одредено намалување и стабилизирање на цените на храната на меѓународниот пазар. Во првите пет месеци од 2024 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,6% и е зголемено за 1,1 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2023 | I - V - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 52,2 | 59,3 | 7,2 | 13,7 |
| Мил. ЕУР | 41,5 | 42,1 | 0,6 | 1,4 |
| Мил.$ | 44,8 | 45,5 | 0,7 | 1,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2023 | I - V - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 483,5 | 460,3 | -23,2 | -4,8 |
| Мил. ЕУР | 353,5 | 341,1 | -12,3 | -3,5 |
| Мил.$ | 381,5 | 369,1 | -12,4 | -3,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2023 | I - V - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 32,5 | 23,0 | -9,5 | -29,2 |
| Мил. ЕУР | 1.058,7 | 822,2 | -236,5 | -22,3 |
| Мил.$ | 1.143,8 | 889,2 | -254,6 | -22,3 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2023 | I - V - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 10,7 | 13,1 | 2,4 | 22,2 |
| Мил. ЕУР | 76,0 | 76,9 | 0,9 | 1,2 |
| Мил.$ | 82,1 | 83,1 | 1,1 | 1,3 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2023 | I - V - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 301,3 | 290,3 | -11,0 | -3,7 |
| Мил. ЕУР | 261,2 | 226,8 | -34,5 | -13,2 |
| Мил.$ | 282,2 | 245,5 | -36,7 | -13,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2023 | I - V - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 273,8 | 269,5 | -4,3 | -1,6 |
| Мил. ЕУР | 210,5 | 188,6 | -21,9 | -10,4 |
| Мил.$ | 227,5 | 204,2 | -23,4 | -10,3 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - мај 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 34,1% односно 355,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во мај 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 33,2% односно 71,3 милиони евра споредено со мај 2023 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива.

Во периодот јануари - мај 2024 година, 88,6% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Полска, Италија, Србија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Чешка, Белгија, Унгарија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,5% од трговската размена во периодот јануари - мај 2024 година е реализирана во евра што во однос на истиот период од 2023 година останува на исто ниво. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 95,4% и 90,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот и увозот е зголемена за по 0,1 п.п. во однос на периодот јануари – мај 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - V - 2023 | | | | | I - V - 2024 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.610,9 | 4.164.472.526 | 61,6259 | 256.639.367.452 | 90,5 | 2.555,0 | 4.206.438.382 | 61,5715 | 258.996.720.816 | 90,5 | 41.965.855 | 1,0 |
| УСД | 290,7 | 434.799.400 | 57,0737 | 24.815.610.540 | 8,7 | 224,8 | 426.201.283 | 56,9005 | 24.251.066.122 | 8,5 | -8.598.117 | -2,0 |
| ГБП | 0,9 | 9.153.548 | 70,0246 | 640.973.513 | 0,2 | 1,4 | 11.740.939 | 71,9116 | 844.309.687 | 0,3 | 2.587.391 | 28,3 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.902,5 | | | 282.095.951.505 | 99,2 | 2.781,1 | | | 284.092.096.625 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 2.909,3 | | | 283.629.097.261 | 100,0 | 2.789,7 | | | 286.075.668.191 | 100,0 | | 0,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Во периодот јануари – мај 2024 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 122.035 милиони денари, односно 13,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,4% во однос на истиот период од 2023 година. Во споредба со мај претходната година, буџетските приходи бележат зголемување за 6,8%, што произлегува од позитивниот придонес на даночните приходи и придонесите од 3,2 п.п. и 3,3 п.п. соодветно. Притоа, во мај 2024 година даночните приходи забележаа раст од 5,3% на годишна основа, како резултат на зголемувањето на приходите по основ на данок од личен доход, данок на добивка, ДДВ и други даноци.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – мај 2024 година, реализацијата на даночните приходи изнесува 70.280 милиони денари. Тие се повисоки за 15,2% во однос на периодот јануари – мај 2023 година, како резултат на растот на приходите од данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и други даночни приходи.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 44,1% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 31.023 милиони денари и бележат зголемување од 13,8% во однос на периодот јануари – мај претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 47.667 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 16.644 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 7,7%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 2,2% споредено со 2023 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува пониско остварување за 5,4%, додека ДДВ од прометот во

земјата забележа зголемување за 23,8%. Акцизите се остварени во износ од 11.003 милиони денари (учество од 15,7% во даночните приходи), што претставува зголемување од 5,7% во споредба со периодот јануари – мај 2023 година. Така, приходите од само овие два индиректни данока изнесуваат 42.026 милиони денари, што претставува 59,8% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – мај 2024 година.

Приходите од данокот на личен доход изнесуваат 12.406 милиони денари и бележат раст од 21,2% на годишна основа, а притоа 63,1% од приходите се од плата и други лични примања, 9,4% од приходи од капитал, 8,3% од приходи по основ на договор на дело, 6,5% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 12,7% од други видови данок на доход.

Во периодот јануари – мај 2024 година, износот на приходите од данокот на добивка е 10.412 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 23,5% во однос на истиот период претходната година, како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 11,0% и даночните биланси за 40,2%.

Приходите од царина се остварени во износ од 5.102 милиона денари и забележаа зголемување од 16,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 334 милиони денари забележаа зголемување за 18,0% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 41.894 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 17,8% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 17,7%, кај придонесите за вработување за 17,7% и кај придонесите за здравствено осигурување за 17,9%.

Неданочните приходи изнесуваат 7.799 милиони денари и во однос на периодот јануари – мај 2023 година забележаа повисоко остварување за 22,0% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 313 милиони денари, што преставува намалување од 2,8% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.044 милиони денари и се за 81,7% пониски во однос на истиот период од 2023 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Во периодот јануари – мај 2024 година, вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 142.580 милиони денари, односно 15,5% од БДП, што е за 14,5% повеќе во однос на истиот период претходната година. Во споредба со мај претходната година, буџетските расходи бележат зголемување за 20,3%, што се должи на зголемувањето на тековните трошоци за 17,6% и капиталните трошоци за 39,7%.

Во структурата на реализираните вкупни расходи во периодот јануари – мај 2024 година, тековните расходи во износ од 130.293 милиони денари учествуваа со 91,4% и се зголемија за 20,4% во однос на периодот јануари – мај 2023 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 17.415 милиони денари, што претставува зголемување за 23,7% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 8.848 милиони денари и споредено со периодот јануари – мај 2023 година забележаа зголемување од 15,2%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваат 95.052 милиона денари. Средствата за трансфери бележат раст од 16,2% во однос на периодот јануари – мај 2023 година, а учествуваат со 66,7% во вкупните расходи.







Во рамки на трансферите, раст од 18,0% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваат 69.200 милиони денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 48,5%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, изнесуваат 43.758 милиони денари, што претставува зголемување за 20,9% споредено со периодот јануари – мај 2023 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 30,7%. Во категоријата други трансфери е регистрирано зголемување од 12,6%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваа 12.974 милиони денари и се зголемени за 13,8%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 10.618 милиони денари бележат зголемување од 11,9% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваат 12.287 милиони денари, со структурно учество од 8,6% во вкупните расходи, така што забележаа пониска реализација за 24,7% во споредба со периодот јануари – мај 2023 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – мај 2024 година, Министерството за труд и социјална политика реализира 33.237 милиони денари или 56,6% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (72,9%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 24.245 милиони денари или 61,9% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 18,6% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 45,5% (6.196 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 15.949 милиони денари, што е 42,4% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (56,2%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 8.957 милиони денари или 41,8% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 18,8%, за што се потрошени 2.998 милиони денари, односно 45,5% од вкупно предвидените.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(мај 2024 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – мај 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 5.971 милион денари, што претставува 45,8% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 66,6%, за што се потрошени 3.976 милиони денари или 43,4% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,5%. За таа намена беа реализирани 1.104 милиони денари или 51,1% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 4.975 милиони денари што претставува 59,3% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 93,9% во вкупните расходи, реализирани се 67,5% од планираните средства за цела година, односно 4.673 милиони денари.

Во периодот јануари – мај 2024 година, Министерството за одбрана реализира 8.363 милиони денари, што е 41,5% од вкупниот буџет за оваа година. Капиталните расходи имаа најголемо учество во расходите со 47,2%, па за таа намена реализацијата изнесува 3.950 милиони денари (62,2% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествува со 28,7% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 2.401 милион денари, односно 41,1% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – мај 2024 година реализира вкупно 1.915 милиони денари, односно 36,9% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 58,9% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.128 милиони денари (34,9% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 3.043 милиони денари или 39,7% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 50,8%, за што се потрошени 1.547 милиони денари или 44,2% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 1.128 милиони денари (35,7% од планираното за годината) и учество од 37,1% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – мај 2024 година, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 1.992 милиона денари, што е 9,8% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 78,4% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (1.561 милион денари или 8,1% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 515 милиони денари, што претставува 29,9% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (257 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 50,0%, а притоа се реализирани 43,3% од планираните. По основ на стоки и услуги отпаѓаат 25,3% од вкупните расходи, за што се реализирани 130 милион денари или 41,1% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – мај 2024 година, дефицитот во Буџетот на Република Северна Македонија изнесува 20.545 милиони денари, што претставува 2,2% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 25.750 милиони денари или 2,8% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – мај 2024 година изнесува 61,3% од вкупно планираниот буџетски дефицит за оваа година.

**Графикон 3.5.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите пет месеци од 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 77.587 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број новововработени лица е намален за 4,4%. Бројот на новозасновани работни односи почнувајќи од април 2021 година до средината на 2022 година бележи тренд на позначителен годишен раст, а во периодот потоа е на релативно стабилно ниво. Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број новововработени, 42,3% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во мај 2024 година, 14,1% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во мај 2024 година изнесува 149.187, од кои 102.523 лица се активни баратели на работа, а 46.664 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 2,6%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на април 2024 година, бројот на невработени е намален за 1.335 лица.

Бројот на невработени лица во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година генерално беше во пораст, а почнувајќи од март 2021 година наваму бележи тренд на месечно намалување.

Најголем дел од активните невработени лица (59,0%) е градско население, а според половата структура 48,4% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,3%, е со непотполно средно образование или помалку, 24,3% со завршено средно образование, а 7,4% со вишо или повисоко ниво на образование.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Анализирано според старосната структура, 50,1% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 12,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Просечната номинална нето-плата во април 2024 година изнесува 41.085 денари и оствари годишен раст од 13,7%, а во однос на март 2024 година таа е повисока за 1,5%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на април 2023 година се забележува во следните сектори: Образование (21,8%), Земјоделство, шумарство и рибарство (18,6%) и Информации и комуникации (18,0%). Во април 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 9,3%. Највисока просечна нето-плата во април 2024 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (80.136 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (97.384 денари), по што следуваат, Финансиски дејности и дејности на осигурување со 55.487 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 52.825 денари и секторот Рударство и вадење камен со просечно исплатена нето-плата во висина од 49.784 денари.

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, април 2024 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во април 2024 година изнесува 61.703 денари и споредено со истиот месец од 2023 година порасна за 13,9%, а на месечна основа таа е повисока за 1,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во април 2024 година во однос на април 2023 година се забележува во следните сектори: Образование (22,2%), Земјоделство, шумарство и рибарство (19,0%) и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (17,7%).

## Пензии

Во мај 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 337.078 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 70,4% се корисници на старосна пензија, 21,9% на семејна пензија и 7,7% на инвалидска пензија.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во мај 2024 година изнесува 21.269 денари односно за 11,8% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[5]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите, според новата методологија која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 51,8%.

Просечната старосна пензија во мај 2024 година изнесува 22.937 денари, просечната инвалидска пензија 18.866 денари, а просечната семејна пензија 16.753 денари. За исплата на пензиите овој месец се потрошени 7.108 милиони денари, што претставува 51,6% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во мај 2024 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на ниво од 6,30% којашто е непроменета од септември 2023 година. По зголемувањата на основната каматна стапка во претходниот период, Народната банка ја држи стапката непроменета, согласно потребата од стабилизирање на инфлацијата и инфлациските очекувања на потрајна основа.

Во мај 2024 година, Народната банка ги задржа расположливите депозити преку ноќ и расположивите депозити на седум дена на нивото од 4,20% и 4,25%, соодветно.

[5] При пресметката на просечната пензија, не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во мај 2024 година, примарните пари[6] се намалија за 7,2% на месечно ниво. Намалувањето на примарните пари се должи на падот на вкупните ликвидни средства за 14,3% и намалувањето на готовите пари во оптек за 0,2%.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (мај 2024 година)




Извор: НБРСМ.

На годишно ниво, примарните пари останаа речеси непроменети (раст од 0,1%). Во мај 2024 година, вкупните ликвидни средства се намалија за 9,7%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 10,3%, на годишно ниво.

## Депозитен потенцијал[7]

Во мај 2024 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,8% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на домаќинствата останаа непроменети, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 2,4%.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во мај 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 0,9% и 0,7%, соодветно.

Во мај 2024 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 8,2% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута се зголемија на годишно ниво за 11,4% и 4,2%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 5,0% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 10,2%.

---

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (мај 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***542.765*** | ***0,8%*** | ***8,2%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *310.680* | *0,9%* | *11,4%* |
| *Странска валута* | *232.085* | *0,7%* | *4,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *215.076* | *0,6%* | *0,5%* |
| *Долгорочни* | *129.202* | *2,1%* | *22,9%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***458.708*** | ***0,9%*** | ***6,8%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *270.941* | *1,9%* | *10,6%* |
| *Странска валута* | *187.767* | *-0,5%* | *1,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *68.425* | *1,1%* | *0,2%* |
| *Долгорочни* | *373.867* | *0,8%* | *7,9%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 0,6%, а долгорочните депозити се зголемија за 22,9%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 57,2% и овој месец тоа е зголемено.

## Кредити на банките

Во мај 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,9% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата за 1,0% и раст на кредитите на претпријатијата за 0,8%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,9%, додека девизните кредити се намалија за 0,5%.

На годишна основа, во мај 2024 година вкупните кредити се зголемија за 6,8%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата за 6,4% и 7,0%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,6%, а кредитите во странска валута за 1,7%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,9%, а краткорочните кредити од 0,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во мај 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,49%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

0,02 п.п. и изнесува 5,87%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 4,99%.

Во мај 2024 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,04 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,86%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,03 п.п. и изнесува 2,33%, а на девизните депозити за 0,05 п.п. и изнесува 1,45%

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,43%, а на новоодобрените девизни кредити 4,28%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,72% и 2,00%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во мај 2024 година се зголеми за 0,3% на месечно ниво, во услови раст на прометот од класичното тргување за 9,0% и пад на блок трансакциите за 11,5%.

Вкупниот промет на берзата во мај 2024 година изнесува 664,9 милиони денари, што претставува зголемување за 75,6% на годишно ниво.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на мај 2024 година изнесува 7.447,49 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 2,2%, а во однос на истиот месец претходната година за 27,5%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на мај 2024 година е 4.293,6 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е намален за 0,8%, а во однос на мај 2023 година зголемен за 2,8%.